# Temjanika 2013




Суво бело вино добиено од внимателно одбрани гроздови Темјаника. Се одликува со бледа, сламесто-жолта боја и свежа зеленикава нијанса. Шармот на ова вино се открива во елегантниот и сензуален мирис, типичен за сортата. Преовладуваат комплексни овошни ароми на сува кајсија и кора од портокал со дискретни зачински поттонови на бозел и босилек кои на виното му даваат една особено интересна нота. Вкусот е полн, со хармонична свежина и избалансиран, долг овошно-зачински послевкус.

Се препорачува да се консумира на температура од 8-10°C, како аперитив, во комбинација со лесни предјадења и суви колачи, пита од јаболка, поширани круши и сл.

Алкохол: 14.1 % Vol. Полнето: Март, 2014